# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**08.07.2021 год.** **Бр.VIII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014; 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на акт̄ит̄е донесени на 70-т̄а седница на Совет̄от̄ на Ойшт̄ина Крушево одржана на ден 07.07.2021 ī̄од.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 70-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 07.07.2021 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-788/1 од 08.07.2021 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.’’ бр.5/2002), член 158 став 1 од Законот за основното образование (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.161/19 и 229/20) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 07.07.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на блок-дотацијата на ООУ “Никола Карев” Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дополнува блок-дотацијата на ООУ “Никола Карев” Крушево за подигнување на стандардот и квалитетот на наставно образовниот процес, со средства од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 2**

Средствата во висина од 700.000,00 денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Крушево, а ќе се користат за набавка на потребна опрема, нагледни средства и други материјали предвидени во новите наставни програми за учебната 2021-2022 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-748/3 од 07.07.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.’’ бр.5/2002), член 158 став 1 од Законот за основното образование (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.161/19 и 229/20) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 07.07.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на блок-дотацијата на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Општина Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дополнува блок-дотацијата на ООУ “Св.Кирил и Методиј” с.Бучин Општина Крушево за подигнување на стандардот и квалитетот на наставно образовниот процес, со средства од Буџетот на Општина Крушево.

**Член 2**

Средствата во висина од 300.000,00 денари, се обезбедени од Буџетот на Општина Крушево, а ќе се користат за набавка на потребна опрема, нагледни средства и други материјали предвидени во новите наставни програми за учебната 2021-2022 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-748/4 од 07.07.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.03-774/1 од 06.07.2021 година од Олга Смилеска од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 07.07.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 9.000,00 (девет илјади)** денари по барање бр.03-774/1 од 06.07.2021 година од Олга Смилеска од Крушево ул."Киро Фетак" бр.50 со ЕМБГ 3107941448003;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.240207016141066, депонент УНИ Банка АД Скопје-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-748/5 од 07.07.2021 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. стр.
1. Заклучок за објавување на актите донесени на 70-та седница на Советот на Општина Крушево …………………………………. 1
2. Одлука за дополнување на блок-дотацијата на ООУ "Никола Карев" Крушево …….. 1
3. Одлука за дополнување на блок-дотацијата на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин … 1
4. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Олга Смилеска од Крушево …………………………………….. 2

Редакциски одбор на Општина Крушево.